# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 12

04.10.2022 година

Службен гласник на општина Делчево

Излегува по потреба

Уредува

Одделение за правни и општи работи

ОКТОМВРИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 04.10. 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД 14. СЕДНИЦА**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на 14. седница, одржана на **30.09.2022** година и тоа:

1.**Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година;

2.**Одлука** за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

3.**Одлука** за давање согласност на Правилниот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

4. **Заклучок** за усвојување на Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево ;

5. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2021/2022;

6.**Програма** за дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

7. **Одлука** за заверка на Предлог-Детален урбанистички план донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2022 година;

8. **Дополнување** на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево за 2022 година;

9.**Одлука** за верификација на мандати на членови на Локален младински совет
на Општина Делчево;

10.**Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024;

11. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 година;

12. **Решение** за избор на чен на Комисијата за јавни дејности;

13. **Решение** за избор на член на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата;

14. **Решение** за избор на член на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата;

15.**Одлука** за одобрување на финансиски средства на Жикица Стоилова;

16. **Одлука** за финансиски средства на Викторија Десподова од Делчево;

17.**Одлука** за кофинансирање и давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Делчево за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно Договорот за заем од Европската инвестициона банка.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08-2060/1
04.10. 2022 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

1.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 14. редовна седница, одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Кварталниот извештај

за извршувањето на Буџетот на општина Делчево

за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2033/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.09.2022 год. — Претседател,

Д е л ч е в о — Гоце Попов,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ 151/21), Советот на Општина Делчево на четиринаесеттата седница одржана на 30.09.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево
За 2022 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | 0 | 0 | 0 |
| 725922 Приходи од осигурување на имот | 769.738 | **0** | **0** | **0** |
| | **769.738** | | | |
| и се распоредуваат на следните расходни потставки : | | 0<br>**0** | 0<br>**0** | 0<br>**0** |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 482930 Реконструкција на други објекти | 769.738 | | | |
| | **769.738** | | | |

Претседател на Советот на
Општина Делчево
Гоце Попов

Бр.09-2034/1
30.09.2022г.

3.Врз основа на член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата ( „Сл.весник на РМ“ бр 23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21),член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 14.редовна седница, одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр.01-73/1 од 10.05.2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2035/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09.2022 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

4.
Врз основа на член 25 од Законот за полицијаЗаконот за полиција (Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06), Законот за дополнување наЗаконот за полиција(,,Службен весник на Република Македонија“ бр.6/09), Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.145/12),Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.41/14), Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.33/15)и Одлуката на Уставниот, суд на Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија“ број 148/08), како и член 36 став 1 т.13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 14.редовна седница, одржана на 30.09.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево**

1. Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево, поднесен од страна на командирот на Полициската станица од општа надлежност-Делчево бр.22.28.11.1-1738/1 од 29.08.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на општина Делчево“.

3. Заклучокот со Извештајот да се достави до:

- Министерот за внатрешни работи на РСМ;
- Народниот правобранител на РСМ.

Број 09-2036/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.09.2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

5.
Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 14.редовна седница, одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Годишниот извештај за работа
на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2021/2022

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за учебната 2021/2022 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2037/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.09.2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

6. Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 14. седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022

I. Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година бр. 09-2544/1 од 28.12.2021 година се врши следната дополна:

Во поглавјето ,, **Урбанистички планови за град Делчево,,** по точката 25 се додава 1 нова точка и тоа:

– **точка 26** , која гласи:„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични централи на опфат К.П. бр. 4694/1 и К.П. бр.4694/2 КО Град, Општина Делчево“.

II.Дополнувањето на **Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022** стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09 –2038 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30. 09.2022 год. Претседател,

Делчево Гоце Попов, с.р.

**7.** Врз основа на член 27 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 51/05, 137/07, 91/09, 12/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) и член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на својата 14. седница, одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за заверка на Предлог-Детален урбанистички план**
**донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2021 година на Советот на Општина Делчево**

Член 1

Се заверува Предлог-Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2.1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево плански период 2015-2020 со површина од 3,035 ха донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2021 година на Советот на Општина Делчево на Советот на Општина Делчево.

Член 2

Се овластува Преседателот на Советот на Општина Делчево да го потпише Урбанистичкиот план опишан во член 1 од оваа одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 - 2039/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**30.09.2022 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов, с.р.**

**8.**

Врз основа на член 80 од Законот за градење ( Сл. весник на РМ бр 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12/ 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16) член 36 од Законот за локална самоуправа и Сл. Весник на РМ бр 5/02) и член 21 од Статутот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на 14. седница одржана на ден 30.09.2022 год. донесе

**Дополнување на Програма**
**за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево за 2022 година**

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Предлог за дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево за 2022 год се дополнува член 16 во точка **1.„Самостоечки рекламни паноа и Информативни табли“(опфатени во графички прилог 1, 1а и 2) графичките прилози 1 и 2 се надополнуваат со нови локации** со опфат прикажан на скицата ( графички прилог на ул.„Булевар Македонија„ ул.„М.М.Брицо“ и ул.„Маршал Тито“ – Делчево и ке бидат означени како графички прилог 1,1 и 2,1 ) .

Член 2

Рекламните паноа може да бидат прицврстени на објекти , метални столбови со светилки ( постоечки или новопоставени) и други објекти на кои може да бидат поставени рекламни паноа и информативни табли. Рекламните паноа и информативни табли да бидат : монтажно демонтажни, да не бидат прицврстени директно на столбовите со шрафење или варење, да бидат поставени на минимум 4,5 м над на ниво од коловозот или тротоар и да бидат со димензија максимум 0,9 м х 0,9 м. На еден столб може да имам најмногу 4 паноа или табли.

Член 3

Измена,дополнување,проширување и промена на оваа програма може да се изврши како за потребите на Општина Делчево така и по иницијатива од заинтересирани правни и физички лица, согласно законска регулатива.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на Општина Делчево.

Број 09-2040/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.09.2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

9. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл Весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), член 22 и член 64 став 5 од Статутот на Општина Делчево („Сл.Гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 14. седница, одржана на ден 30.09.2022 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Делчево

Член 1

Советот на Општина Делчево донесува Одлука за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Делчево и тоа:

1. Јована Стојановска, Фолклорна група при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ Делчево
2. Моника Стојанова, ЛК СДММ Делчево

Член 2

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет на Општина Делчево трае до истекот на мандатот на постоечкиот совет, односно до јули 2023 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр.09-2041/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.09.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

10.
Врз основа на, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 24 став 1 алинеја 11 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.07/2016), Советот на Општина Делчево на својата 14.седница, одржана на 30.09.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката**
**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување**
**на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифа **за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдувањена ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024** бр.0202-283/1 од 20.09.2022, донесена од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница„-Делчево и тоа:

**за домаќинства за регулиран период 2022-2024**
-за 2022 година тарифата изнесува 37.13 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 39.53 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 40.69 денари/м3 (без ДДВ)

**за правни лица за регулиран период 2022-2024**
-за 2022 година тарифата изнесува 62.00 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 65.62 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 67.14 денари/м3 (без ДДВ)

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 2042/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.09. 2022 година** **Претседател,**
**Д е л ч е во** **Гоце Попов,с.р.**

11.Врз основа на, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 24 став 1 алинеја 11 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.07/2016), Советот на Општина Делчево на својата 14. седница, одржана на 30.09.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката**
**за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани**
**отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран

период 2022-2024 година бр.0202-283/2 од 20.09.2022, донесена од страна на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница„-Делчево и тоа:

**за домаќинства за регулиран период 2022-2024**

-за 2022 година тарифата изнесува 13.09 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 13.82 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 14.06 денари/м3 (без ДДВ)

**за правни лица за регулиран период 2022-2024**

-за 2022 година тарифата изнесува 22.64 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 23.09 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 22.92 денари/м3 (без ДДВ)

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09- 2043/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.09.2022 година — Претседател,
Д е л ч е во — Гоце Попов,с.р.

12.

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002) и член 30 став 1 алинеја 6 од Статутот на Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 14. седница, одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ
**за избор на членна Комисијата за јавни дејности**

I.За член на Комисијата за јавни дејности се избира:

**-Тони Стаменковски**

II. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09- 2044/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.09.2022 год. — Претседател,
Д е л ч е в о — Гоце Попов,с.р.

13.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002) и член 30 став 1 алинеја 4 од Статутот на Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 14.седница, одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ
**за избор на член на Комисијата**
**за урбанизам, планирање и уредување на просторот и**
**заштита на животната средина и природата**

I.За член на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата се избира:

**-Тони Стаменковски**

II. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”.

Број 09- 2045 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.09.2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

14. Врз основа на член 30 и 32 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013 2/2019 и 1/2021), а согласно член 4 и член 122 од Деловникот на Советот на Општина Делчево (“Службен гласник на Општина Делчево” бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 14. седница, одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за избор на член на Комисијата за прашањата на верификација,

изборите и именувањата

I.За член на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата се избира:
- Тони Стаменковски

II. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”.

Број 09- 2046/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.09.2022 година. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

15.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 21-258 од 23.08.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 14.седница, одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Жикица Стоилова

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 10.000 денари на Жикица Стоилова од Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2022 година на име на Жикица Стоилова, на трансакциска сметка 200002745056148-Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –2047 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.09.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов, с.р.

16.
Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) , Советот на Општина Делчево на својата 14.седница, одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**на Викторија Десподова од Делчево**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **30.000** денари на Викторија Десподова, малолелетно дете без родителска грижа,ул.„Пере Тошев“ бр.65А, Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име **Викторија Десподова** на трансакциска сметка 240167117191788, УНИ банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –2048 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.09.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

17.Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 и 2/2019), член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево и член 2 од Одлука за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот ,,Водоснабдување и одведување на отпадни води,, со средства обезбедени од Европска инвестициона банка (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010, 113/2015, 29/2019 , 277/2019 и 286/2021), Советот на општина Делчево на својата 14. редовна седница одржана на ден 30.09.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за кофинансирање и давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Делчево, за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка по проектот**

,,Водоснабдување и одведување на отпадни води,, согласно Договорот за заем од Европска инвестициона банка

Член 1

Со Одлука бр.825/1 Советот на Општина Делчево на ден 28.04.2021 година го одобри проектот "Реконструкција на дел од дистрибутивната мрежа во градот Делчево зона ,,Ново Делчево,, ,зона ,,Милково Брдо и зона ,,Потисен цевковод,, , Општина Делчево" " за реализација како приоритет преку средствата кои се преостанати согласно Договорот за заем од Европска инвестициона банка , а преку проектот ,,Водоснабдување и одведување на отпадни води,,.

Согласно завршената тендерска постапка за реализација на овој проект се потребни финансиски средства во износ од 18.845.168,00 денари со ДДВ.

Член 2

Финансирањето на потпроектот ќе биде обезбедено од средства, согласно Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот "Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010, 113/2015, 29/2019, 277/2019 и 286/2021 ) , од страна на Заемопримачот преку Нарачателот, согласно Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување на отпадни води" и **со кофинансирање од страна на Општината во висина од 3.044.048,00 без ДДВ односно 3.591.977,00 денари со ДДВ и до 20 %(3.194.096,00 ден без ДДВ односно 3.769.034,00 со ДДВ) од вкупната вредност на договорот во случај да се јават дополнителни и непредвидени работи.**

Член 3

Со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Делчево, за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Делчево за инвестицискиот под проект **"Реконструкција на дел од дистрибутивната мрежа во градот Делчево зона ,,Ново Делчево,, ,зона ,,Милково Брдо и зона ,,Потисен цевковод,, , Општина Делчево"** согласно Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот "Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010, 113/2015, 29/2019 , 277/2019 и 286/2021), донесена врз основа на Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води".

Член 4

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-2049/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.09.2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р